**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ПРИМАЊА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА НЕОПХОДНИТЕ ЛИЧНИ ПОТРЕБИ И ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ДОАЃАЊЕ НА АКАДЕМИЈАТА И ВРАЌАЊЕ ДОМА НА ПОЧЕТОКОТ И КРАЈОТ НА СЕКОЈА СТУДИСКА ГОДИНА И ПРИ ПОЛУГОДИШНИОТ РАСПУСТ, КАКО И ПАТНИ ТРОШОЦИ ПРИ УПАТУВАЊЕ НА ПРАКСА ОД АКАДЕМИЈАТА ОДОБРЕНИ ОД ДЕКАНОТ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИИТЕ НА ПИТОМЦИТЕ И НА ЛИЦАТА КОИ СЕ УПАТЕНИ НА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ СО ЗАВРШЕН ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА АРМИЈАТА**

Член 1

Со оваа одлука се определува видот и висината на месечните парични примања за намирување на неопходните лични потреби и патните трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома на почетокот и крајот на секоја студиска година и при полугодишниот распуст, како и патни трошоци при упатување на пракса од Академијата, одобрени од деканот на Академијата, за време на студиите на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата.

Член 2

За време на студиите на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата им се обезбедуваат месечни парични примања за намирување на неопходните лични потреби и патни трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома на почетокот и крајот на секоја студиска година и при полугодишниот распуст, како и патни трошоци при упатување на пракса од Академијата, одобрени од деканот на Академијата.

Член 3

Основица за пресметување на висината на месечните парични примања е просечната исплатена месечна нето - плата по работник во Република Македонија, објавена од Државниот завод за статистика за последниот месец пред исплатата.

Висината на месечните парични примања од став 1 на овој член се утврдува во процент од основицата и тоа за:

питомец на студи во 1-ва година...........................7%

питомец на студии во 2-ра година.........................9%

питомец на студии во 3-та година.......................12%

питомец на студии во 4-та година.......................15%

лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата.............................................15%.

Член 4

Месечните парични примања од член 3 на оваа одлука, им се исплатуваат на питомците, сметано од месецот во кој го стекнале статусот на питомец и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата сметано од месецот на приемот на стручното оспособување и усовршување и им се исплатува секој месец до крајот на месецот во кој им престанува статусот на питомец, односно лице упатено на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата.

Член 5

Исплатата на месечните парични примања од член 3 на оваа одлука, се врши еднаш месечно, однапред за тековниот месец.

Член 6

Патните трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома секоја учебна година и при полугодишен распуст, како и патните трошоци при упатување на пракса од Академијата на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата се исплатуваат во висина на стварните трошоци за превоз во јавниот сообраќај (автобус, воз).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6022/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.